REPUBLIKA ... E VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zonat zhvillimore teknologjike industriale
Бр./Nr. 01 – 175/1/1
29.12.25

# ГОДИШНА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА 2026 ГОДИНА

**Институција: Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

**Период: 2026**

**Вкупна вредност: 2.492.497.000,00 денари**

## Вовед

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Програмата за работа за 2026 година ја изготвува врз основа на одобрените средства во Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Одлуките на Владата на Република Северна Македонија за основање на поедини ТИР Зони, започнатите и пренесени активности од 2025 година и тековните активности на Дирекцијата за ТИРЗ утврдени со Законот за ТИРЗ.

Програмата за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во понатамошниот текст: "ДТИРЗ" или "Дирекцијата") ги опфаќа планираните активности и финансискиот план за 2026 година, предвидени со Законот за технолошки индустриски развојни зони, доделените средства за работа во периодот на 2026 година како и резултатите кои треба притоа да се постигнат.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно Законот за ТИРЗ ги врши работите сврзани со планирањето, основањето, развојот и следењето на технолошко индустриските развојни зони, а во случај кога Владата на Република Северна Македонија е основач на зона, Дирекцијата за ТИРЗ ги врши работите од надлежност на основач на зона во име на Владата на Република Северна Македонија.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони има реализирано бројни проекти и програми, пред се за развој на инфраструктурата и инфраструктурните објекти во зоните. Ваквиот тренд продолжува и понатаму за што е потребно превземање на натамошни чекори за остварување на планираните активности за: развој на постоечките ТИР Зони, основање и развој на технолошки индустриски развојни зони во други градови на Република Северна Македонија; обезбедување услови за користење на просторот; креирање инфраструктурни услови за развој на зоните преку изградба на патна инфраструктура до и во зоните и превземање активности во врска со изведба на објекти од инфраструктурата (водоводна и канализациона мрежа, инсталации за гас и мерно регулациони станици за природен гас, инсталации за електрична енергија); промоција на погодностите за инвестирање во зоните; рационално работење со намалување на

трошоците на работењето и превземање конкретни чекори за афирмација и креирање свест во јавноста за вредноста и значењето на ТИР-Зоните.

## План на активности

Активностите на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони произлегуваат од надлежностите утврдени со Законот за ТИРЗ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15. 173/15, 192/15, 217/15,30/16, 83/18, 13/23 и 59/25 ) и се однесуваат на работите сврзани со основањето, развојот и следењето на работењето на технолошките индустриски развојни зони. Во случај кога Владата на Република Северна Македонија е основач на зона Дирекцијата ги врши и работите од надлежност на основачот на зоната во име на основачот.

**1. Развој и изградба на ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Скопје 3, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Тетово, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Кичево и ТИРЗ Прилеп**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во текот на 2026 година ќе продолжи со градежни активности во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Скопје 3 и ТИРЗ Штип, согласно потребите за влез на нови корисници.

За ТИРЗ Скопје 1 за 2026 година се предвидува изградба на пречистителна станица за административна зграда.

За ТИРЗ Скопје 2 за 2026 година се предвидува изведба на сервисни улици за потребите на корисниците во ТИРЗ Скопје 2.

За ТИРЗ Скопје 3 за 2026 година се предвидува изведба на основна внатрешна и надворешна инфраструктура со цел постигнување на оперативна функционалност на зоната.

За ТИРЗ Штип во наредната 2026 година се предвидува изведба на нови инфраструктурни објекти како и завршување на започнатите активности со цел подобрување на функционалноста на зоната.

За ТИРЗ Тетово на 05.04.2013 година склучен е Договор бр. 03-68/22 за јавно приватно партнерство. Согласно истиот Дирекцијата има обврска да обезбеди надворешни инфраструктурни услови до ТИРЗ Тетово. Истите се обезбедени во текот на 2019 година. Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Сто и петтата седница на Владата на Р. Македонија одржана на 27.11.2018 год. Министерството за економија како надлежен орган за јавно приватно партнерство се задолжува да го преземе следењето на реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство

со документацијата за јавна набавка на услуги за независен надзорен орган. Во 2026 година не се планираат инфраструктурни активности во ТИРЗ Тетово.

За ТИРЗ Струмица во 2026 година се предвидени канали за зафаќање и одведување на атмосферски води од сливно подрачје, а се со цел опслужување на корисниците согласно обврските кои произлегуваат кон нив од Законот за ТИРЗ.

За ТИРЗ Кичево во текот на 2026 година е предвидено завршување на тековните активности како и започнување на изградба на инфраструктура за ТИРЗ Кичево – опфат 2.

За ТИРЗ Прилеп во текот на 2026 год. се планира изградба на канали за зафаќање и одведување на атмосферски површински води од сливно подрачје, изградба на сервисни улици како и започнување на изградба на внатрешна гасоводна мрежа.

Во 2026 година се планира изградба на останата инфраструктура во ТИР Зоните како и изградба на гасоводни приклучоци на магистрален гасовод согласно потребите на инвеститорите.

**Динамика на реализација на активности:**

Во континуитет во текот на целата година со динамика усогласена со потребите за развој на ТИР Зоните.

**Очекувани резултати:** Обезбедување услови за нормален развој и функционирање на наведените ТИР Зони.

## 1.1 Развој и изградба на ТИР Зони

Приоритет на Дирекцијата за ТИРЗ е продолжување на изградбата и развојот на ТИР Зоните во Република Северна Македонија.

Дирекцијата за ТИРЗ досега има основани петнаесет (15) ТИР Зони и тоа: ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Скопје 3, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Тетово, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Кичево – опфат 1 и 2, ТИРЗ Ранковце, ТИРЗ Виница, ТИРЗ Берово, ТИРЗ Делчево, ТИРЗ Радовиш, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Гевгелија и три (3) индустриски зони - ИЗ Косел, ИЗ Кратово и ИЗ Битола.

Дополнително, во процес е изработка на Државна урбанистичка планска документација, за оформување на две (2) други технолошки индустриски развојни зони на територијата на општина Куманово и општина Липково, согласно

Извадокот од нацт записникот од 117 ( сто и седумнаесеттата) седница на Владата на РМ одржана на 06.11.2015 год., каде Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е задолжена да отпочне активности за формирање и основање на следните две (2) зони:

1. ТИРЗ Куманово ( во фаза на изработка на Државна урбанистичка планска документација)
2. ТИРЗ Липково ( во фаза на изработка на Државна урбанистичка планска документација)

Исто така Владата на Република Северна Македонија со нацрт записник од продолжениeто на деведесет и деветтата (тематска) седница одржана на 10.03.2017 година ја задолжи Општина Маврово Ростуше во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности да обезбеди податоци за земјиште сопственост на РМ кое ќе биде погодно за формирање на ТИРЗ на подрачјето на Општина Маврово - Ростуше.

По ова задолжување ДТИРЗ сеуште нема добиено известување од Општина Маврово Ростуше.

**Динамика на реализација на активности:**

Во континуитет во текот на целата година со динамика усогласена со потребите за развој на ТИР Зоните.

**Очекувани резултати:** Обезбедување услови за нормален развој и функционирање на наведените ТИР Зони.

2. **Активности за доделување на договор за државна помош и за следење на реализацијата на склучени договори за државна помош**

Во текот на 2026 година Дирекцијата за ТИРЗ ќе продолжи со реализација на обврските по основ на склучени договори за доделување на државна помош како и контрола и следење на исполнувањето на договорните обврски од страна на корисниците на државна помош.

**Очекувани резултати:**

Пораст на бројот на компании, зголемување на соработката на странските компании во ТИР Зоните со домашните компании, влез на нови технологии, зголемување на вработување и стекнување на нови вештини во ТИР Зоните во Република Северна Македонија.

## 3. Активности за привлекување на основачи и корисници на зоните, промовирање и рекламирање на зоните

Согласно надлежностите на Дирекцијата за ТИРЗ, особено внимание се посветува на активностите за привлекување на основачи и корисници во основаните ТИР Зони, како и промовирањето и рекламирањето на зоните и остварување на односи со јавноста.

За таа цел, согласно политиката на Владата на Република Северна Македонија за зголемување на бројот на странски инвестиции и промоција на условите за инвестирање во технолошки индустриските развојни зони во Република Северна Македонија, Директорот на Дирекцијата за ТИРЗ е дел од владиниот тим за привлекување на странски директни инвестиции и ќе учествува со штанд на светски реномираните конгреси и саеми од автомобилската индустрија, зелена енергија и ИТ. Исто така планирани се и промоции на инвестициските можности во технолошко индустриските развојни зони преку печатени и електронски медиуми во земјата и странство.

Промоцијата на ТИРЗ и поволностите при инвестирањето во истите пред потенцијални странски инвеститори се одвива и со активно присуство на социјалните мрежи, како на пример Facebook,Twitter и сл.

**<u>Очекувани резултати:</u>**

Развивање на позитивна јавна свест за условите за инвестирање во технолошко индустриските развојни зони во Република Северна Македонија и зголемување на бројот на странски директни инвестиции во ТИР Зоните во Република Северна Македонија.

## 4. Активности за кадровско доекипирање и опремување на Дирекцијата за ТИРЗ

Дирекцијата за ТИРЗ досега има основани петнаесет (15) ТИР Зони и тоа: ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Скопје 3, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Тетово, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Кичево – опфат 1 и 2, ТИРЗ Ранковце, ТИРЗ Виница, ТИРЗ Берово, ТИРЗ Делчево, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Гевгелија и три (3) индустриски зони - ИЗ Косел, ИЗКратово и ИЗ Битола. Согласно Извадок од нацрт записникот од 117 (сто и седумнаесеттата) седница на Владата на РМ одржана на 06.11.2015 година се задолжи Дирекцијата за ТИРЗ да започне активности во врска со Технолошка индустриска развојна зона во Липково и во Куманово.

Исто така бројот на корисниците во ТИР зоните континуирано се зголемува и расте, поради што дојде до значајно зголемување на обемот на работа и

активностите кои се одвиваат во ДТИРЗ. За да се овозможи постигнување на овие цели и за успешна и навремена реализација на овие активности, потребно е да се ангажира дополнителен професионален и стручен кадар во Дирекцијата.

Како резултат на горенаведеното, но и поради додавањето на нови надлежности на ДТИРЗ со измените и дополнувањата на Законот за Технолошки индустриски развојни зони, потребно е да се овозможи кадровско доекипирање и обезбедување на соодветен човечки капацитет за професионално и стручно извршување на овие активности.

Потребно е да бидат реализирани нови вработувања во ДТИРЗ, поради што во зависност од одобрените финансиски средства од Министерството за финансии се планира спроведување на повеќе постапки за нови вработувања, како и унапредувања на кадарот во Дирекцијата. Исто така во текот на 2026 год. се предвидува и ангажирање на лица за вршење на привремени работи со договор на дело, како и ангажирање на лица преку агенција за привремени вработувања во зависност од добиените согласности од Министерството за финансии.

**Динамика на реализација на активности: тековно во 2026 година**

**Очекувани резултати:** Унапредување на услугите кои Дирекцијата ги обезбедува кон постојните и потенцијалните инвеститори во ТИР Зоните во Република Северна Македонија.

3. СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ

| | | ОСТВАРЕНО 2025 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2025 | ПЛАНИРАНО 2026 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2026 | ОСТВАРЕНС ıл од тековı | Споредбе на оств. тек. година/ оств. | Според бена оств. тек. година / | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Приходи од дејноста | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Приходи од самофинансирачки активности | 340,359,554 | 73,278,288 | 71,856,924 | 65,673,290 | 129,551,052 | 755,000,000 | 253,500,000 | 210,500,000 | 175,500,000 | 115,500,000 | | | | |
| 2 | Вкупни оперативни приходи | 340,359,554 | 73,278,288 | 71,856,924 | 65,673,290 | 129,551,052 | 755,000,000 | 253,500,000 | 210,500,000 | 175,500,000 | 115,500,000 | | | | |
| | Останати приходи | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Приходи од Буџет | 1,151,690,162 | 199,763,565 | 278,293,439 | 231,292,391 | 442,340,767 | 1,737,497,000 | 476,829,250 | 349,219,250 | 371,919,250 | 539,529,250 | | | | 69.71 |
| 4 | Вкупно останати приходи | 879,042,837 | 199,763,565 | 278,293,439 | 231,292,391 | 442,340,767 | 1,737,497,000 | 476,829,250 | 349,219,250 | 371,919,250 | 539,529,250 | | | | 69.71 |
| 5 | Вкупно приходи ( 2+4) | 1,492,049,716 | 273,041,853 | 350,150,363 | 296,965,681 | 571,891,819 | 2,492,497,000 | 730,329,250 | 559,719,250 | 547,419,250 | 655,029,250 | | | | 100.00 |

| | 4. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ<br>ВКУПЕН БУЏЕТ НА ДТИРЗ | ОСТВАРЕНО 2025 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2025 | ПЛАНИРАНО 2026 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2026 | ОСТВАРЕНО л од текови | Според бена анализа оств. тек. год/ оств. претх. | Според бена анализа оств. тек. год / план. тек. год | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Патни и дневни расходи | **2,378,662** | 479,663 | 836,641 | 540,551 | 521,807 | 8,000,000 | 3,000,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | **197,237,248** | 59,171,184 | 50,817,739 | 40,718,967 | 46,529,358 | 401,000,000 | 151,000,000 | 100,000,000 | 100,000,000 | 50,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Материјали и ситен инвентар | **1,101,317** | 257,863 | 220,855 | 308,345 | 314,254 | 3,000,000 | 1,500,000 | 500,000 | 500,000 | 500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Поправки и тековно одржување | **15,642,714** | 2,278,795 | 3,476,118 | 6,095,055 | 3,792,746 | 37,000,000 | 6,000,000 | 15,000,000 | 10,000,000 | 6,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Договорни услуги | **24,402,524** | 4,685,439 | 6,344,959 | 6,521,704 | 6,850,422 | 44,000,000 | 16,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 8,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Други тековни расходи | **6,042,442** | 1,438,445 | 599,714 | 1,483,740 | 2,520,543 | 88,200,000 | 20,000,000 | 33,000,000 | 18,000,000 | 17,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Привремени вработувања | **40,593,057** | 8,535,123 | 10,233,639 | 10,509,328 | 11,314,967 | 47,000,000 | 10,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | 13,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4 + 5+6+7) | 287,397,964 | 76,846,512 | 72,529,665 | 66,177,690 | 71,844,097 | 628,200,000 | 207,500,000 | 172,500,000 | 152,500,000 | 95,700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Останати раходи** | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Разни трансфери | **1,000,607,918** | 169,471,405 | 243,768,805 | 172,615,130 | 414,752,578 | 1,473,780,000 | 400,000,000 | 241,890,000 | 331,890,000 | 500,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Купување на опрема и машини | **9,690** | 0 | 9,690 | 0 | 0 | 25,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 3,000,000 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Градежни објекти | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 82,000,000 | 27,500,000 | 25,500,000 | 15,000,000 | 14,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Други градежни објекти | **139,337,019** | 11,171,329 | 17,584,633 | 41,992,978 | 68,588,079 | 165,700,000 | 55,500,000 | 80,500,000 | 15,700,000 | 14,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Вложувања и нефинансиски средства | **65,788** | 8,188 | 0 | 0 | 57,600 | 500,000 | 500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | **Вкупно останати расходи** (8+9+10+11+12+13+14) | 1,140,020,415 | 180,650,922 | 261,363,128 | 214,608,108 | 483,398,257 | 1,746,980,000 | 493,500,000 | 357,890,000 | 365,590,000 | 530,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | **Вкупно расходи** (8+15) | 1,427,418,379 | 257,497,434 | 333,892,793 | 280,785,798 | 555,242,354 | 2,375,180,000 | 701,000,000 | 530,390,000 | 518,090,000 | 625,700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ | **64,631,337** | 15,544,419 | 16,257,570 | 16,179,883 | 16,649,465 | **117,317,000** | 29,329,250 | 29,329,250 | 29,329,250 | 29,329,250 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 2 | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | | **83** | **83** | **79** | **79** | **147** | **82** | **102** | **127** | **147** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| 4. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ ОСНОВЕН БУЏЕТ | | ОСТВАРЕНО 2025 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2025 | ПЛАНИРАНО 2026 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2026 | СТВАРЕН I од текоі | Споредо ена анализа оств. тек. год/ оств. претх. | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Патни и дневни расходи | **1,000,000** | 310,622 | 461,426 | 226,055 | 1,897 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | **1,000,000** | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Материјали и ситен инвентар | **960,346** | 257,863 | 220,855 | 278,345 | 203,283 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 4 | Поправки и тековно одржување | **1,000,000** | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 5 | Договорни услуги | **1,000,000** | 999,739 | 150 | 0 | 111 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | | | | |
| 6 | Други тековни расходи | **0** | | | 0 | 0 | 53,200,000 | 10,000,000 | 23,000,000 | 10,000,000 | 10,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4 + 5+6) | **4,960,346** | **3,568,224** | **682,431** | **504,400** | **205,291** | **58,200,000** | **15,000,000** | **23,000,000** | **10,000,000** | **10,200,000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **Останати расходи** | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | Разни трансфери | **1,000,607,918** | 169,471,405 | 243,768,805 | 172,615,130 | 414,752,578 | 1,473,780,000 | 400,000,000 | 241,890,000 | 331,890,000 | 500,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Градежни објекти | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Други градежни објекти | **81,424,773** | 11,171,329 | 17,584,633 | 41,992,978 | 10,675,833 | 85,700,000 | 30,000,000 | 55,000,000 | 700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Вложувања и нефинансиски средства | **65,788** | 8,188 | 0 | 0 | 57,600 | 500,000 | 500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | **Вкупно останати расходи** (9+10+11+12+13) | 1,082,098,479 | 180,650,922 | 261,353,438 | 214,608,108 | 425,486,011 | 1,561,980,000 | 432,500,000 | 296,890,000 | 332,590,000 | 500,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | **Вкупно расходи** (8+14) | 1,087,058,825 | 184,219,146 | 262,035,869 | 215,112,508 | 425,691,302 | 1,620,180,000 | 447,500,000 | 319,890,000 | 342,590,000 | 510,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ | **64,631,337** | 15,544,419 | 16,257,570 | 16,179,883 | 16,649,465 | **117,317,000** | 29,329,250 | 29,329,250 | 29,329,250 | 29,329,250 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | | | | | | | | | | | | **0** | **0** | **0** |

| | 4. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ СМЕТКА ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | ОСТВАРЕНО 2025 | ОСТВАРЕНО I КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО II КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО III КВАРТАЛ 2025 | ОСТВАРЕНО IV КВАРТАЛ 2025 | ПЛАНИРАНО 2026 | ПЛАНИРАНО I КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО II КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО III КВАРТАЛ 2026 | ПЛАНИРАНО IV КВАРТАЛ 2026 | СТВАРЕН I од теков | Споредбена анализа оств. тек. год/ оств. претх. | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Патни и дневни расходи | **1,378,662** | 169,041 | 375,215 | 314,496 | 519,910 | 7,000,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | **196,237,248** | 58,171,184 | 50,817,739 | 40,718,967 | 46,529,358 | 400,000,000 | 150,000,000 | 100,000,000 | 100,000,000 | 50,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Материјали и ситен инвентар | **140,971** | 0 | 0 | 30,000 | 110,971 | 2,000,000 | 500,000 | 500,000 | 500,000 | 500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Поправки и тековно одржување | **14,642,714** | 1,278,795 | 3,476,118 | 6,095,055 | 3,792,746 | 36,000,000 | 5,000,000 | 15,000,000 | 10,000,000 | 6,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Договорни услуги | **23,402,524** | 3,685,700 | 6,344,809 | 6,521,704 | 6,850,311 | 43,000,000 | 15,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 8,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Други тековни расходи | **6,042,442** | 1,438,445 | 599,714 | 1,483,740 | 2,520,543 | 35,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 8,000,000 | 7,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Привремени вработувања | **40,593,057** | 8,535,123 | 10,233,639 | 10,509,328 | 11,314,967 | 47,000,000 | 10,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | 13,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4 + 5+6+7) | 282,437,618 | 73,278,288 | 71,847,234 | 65,673,290 | 71,638,806 | 570,000,000 | 192,500,000 | 149,500,000 | 142,500,000 | 85,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Останати раходи** | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Купување на опрема и машини | 9,690 | 0 | 9,690 | 0 | 0 | 25,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 3,000,000 | 2,000,000 | | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80,000,000 | 25,500,000 | 25,500,000 | 15,000,000 | 14,000,000 | | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Други градежни објекти | 57,912,246 | 0 | 0 | 0 | 57,912,246 | 80,000,000 | 25,500,000 | 25,500,000 | 15,000,000 | 14,000,000 | | 0 | 0 | 0 |
| 12 | **Вкупно останати расходи** (9+10+11) | 57,921,936 | 0 | 9,690 | 0 | 57,912,246 | 185,000,000 | 61,000,000 | 61,000,000 | 33,000,000 | 30,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | **Вкупно расходи** (8+12) | 340,359,554 | 73,278,288 | 71,856,924 | 65,673,290 | 129,551,052 | 755,000,000 | 253,500,000 | 210,500,000 | 175,500,000 | 115,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ВРАБОТЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА

*Табела: Вработени, врз основа на националната структура, со состојба до 31 декември 2025 година*

| дирекција/подружница | **Македонци** | **Албанци** | **Срби** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Други националности** | **Вкупно:** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони** | 62 | 12 | 1 | 2 | 0 | 0 | 2 | **79** |
| % | 78.48% | 15.19% | 1.27% | 2.53% | 0.00% | 0.00% | 2.53% | 100 |

## ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ И ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА БРУТО ПЛАТИ И СРЕДСТВА ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЛИЦА

*Дирекција затехнолошки индустриски развојни зони*

| Период | реализирани средства за бруто плати (претходна година)* | | | | реализирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (претходна година) | | планирани средства за бруто плати (тековна година)** | | | | | | | | планирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (тековна година) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | неопределено работно време | | определено време/АПВ | | | | неопределено работно време | | | | определено време/АПВ | | | | | |
| | износ (во денари) | број на лица | износ (во денари) | број на лица | износ (во денари) | број на лица | износ (во денари) | број на постојни вработени | број на новов работени | број на испразн ети раб. места по било кој основ | износ (во денари) | број на постојни вработени | број на новоураб отени | број на испразн ети раб. места по било кој основ | износ (во денари) | број на лица |
| јануари | 5,152,585.00 | 82 | 1,596,296 | 40 | | | | | | | | | | | | |
| февруари | 5,172,893.00 | 83 | 2,306,816 | 48 | | | | | | | | | | | | |
| март | 5,453,787.00 | 85 | 2,772,791 | 50 | | | | | | | | | | | | |
| април | 5,502,724.00 | 84 | 2,873,174 | 51 | | | | | | | | | | | | |
| мај | 5,464,269.00 | 81 | 2,874,174 | 51 | | | | | | | | | | | | |
| јуни | 5,455,358.00 | 81 | 2,873,597 | 50 | | | | | | | | | | | | |
| јули | 5,302,904.00 | 81 | 2,854,480 | 53 | | | | | | | | | | | | |
| август | 5,203,524.00 | 78 | 2,993,066 | 53 | | | | | | | | | | | | |
| септември | 5,186,371.00 | 81 | 2,937,888 | 53 | | | | | | | | | | | | |
| октомври | 5,216,637.00 | 81 | 2,985,203 | 53 | | | | | | | | | | | | |
| ноември | 5,226,203.00 | 81 | 2,891,350 | 53 | | | | | | | | | | | | |
| декември*** | 5,300,000 | 81 | 2,891,350 | 53 | | | | | | | | | | | | |
| вкупно | 58,484,670 | | 32,850,185 | | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | |

* Претходна година е годината која претходи на годината за која се однесува Финансискиот план

** Тековна година е годината за која се однесува Финансискиот план

*** Бруто плата за декември е планирана, не е реализирана

Претседател на Управен одбор

Виолета Самарџиска

---------------------

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН

Финансискиот план за 2026 година претставува преглед на приходи, извори на приходи и нивна алокација за реализација на планираните активности на Дирекцијата.

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2026 година, буџетот на Дирекцијата изнесува 2.492.497.000,00 денари од кои средствата обезбедени со Буџетот на РМ на сметка 637 за 2026 година изнесуваат 1.737.497.000,00 денари .

Воедно Дирекцијата обезбедува средства од самофинансирачки активности во износ од 755.000.000,00 денари наменети пред се за обезбедување оперативни услови и одржување на зоните како и унапредување на квалитетот на услугите кон корисниците на ТИР Зоните во Р. Македонија.

Обезбедените средства за поедини активности предвидени во Годишната програма со финансиски план можат да се прераспределуваат со прераспределба на расположливите средства внатре во Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за ТИРЗ за 2026 година.

ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ + ИНДИКАТОРИ НА УСПЕХ 2026

Со обезбедување на предложените средства во Буџетот на Дирекцијата за ТИРЗ за 2026 година ќе се постигне:

- ✓ Навремена и целосна реализација на 250 милиони евра договори за странски инвестиции, склучени во минати години
    - со предвидени најмалку 3.000 нови работни места во период до 2026/7,
    - зголемување на вкупен извоз од најмалку 3,5 милијарди евра до 2030 година, како и
    - новогенерирани приходи во Буџетот од најмалку 135 милиони евра за истиот период

- ✓ Навремена реализација на обврски од потпишани договори, во вкупен износ од 300 милиони евра (односно над 600 милиони евра планирани и/или реализирани инвестиции)

Како првични индикатори на успех за работењето во 2026 година, поставени се следните:

- ✓ Склучување на нови договори за странски и домашни инвестиции (средни и големи компании) во износ од 350 милиони евра

- ✓ Раст на отворени работни места до 10% (односно до 1.500 нови вработени во компаниите во ТИРЗ)

- ✓ Зголемен извоз до 5% (односно до 200 милиони евра) на годишно ниво, во споредба со 2025 година

- ✓ Раст на нето платите до 5% во однос на 2025 година
- ✓ Раст на нето добивката до 8% во однос на 2021 година (базирано на среднорочни движења во период 2017 – 2020)

- ✓ Зголемен прилив на средства во Буџетот од компаниите во ТИРЗ до 7%

ПРВ ДЕЛ

40 – Плати и надоместоци

Во 2023 година изработена е нова Функционална анализа, како и нов акт за систематизација, што предвидува значителна реорганизација на Дирекцијата, а со цел поефикасно да се одговори на новиот пристап во работењето и поттикување на инвестициите во земјата. Со новата систематизација, организирана согласно прецизно дефинирани работни процеси, отворена е потреба од зајакнување на капацитетите, посебно во делот на планирање, подготовка и реализација на проекти, следење на договорите за државна помош, како и делот на поефикасно управување со ресурсите (човечки, финансиски и физички – земјиште, инфраструктура). Новата организација на Дирекцијата ќе овозможи поквалитетно ниво на инвестиции, забрзување на нивната реализација, а во краен ефект и значително зголемување на приходите за државата по основ на придонеси, персонален и данок на добивка. Трендот на зајакнување на капацитетите на Диркација со човечки капитал ќе продолжи и во 2026 година.

420 – Патни и дневни расходи

Предложените расходи за 2026 година за патни и дневни расходи се предвидени средства кои ќе се користат за потребите на подобро презентирање на политиките и мерките за поттикнување на инвестиции.

421 – Комунални услуги , греење , комуникација и транспорт

Предложените расходи за 2026 за оваа намена се проектирани со незначителни зголемувања, а заради зголемениот обем на активности, кои предизвикуваат раст на режиските трошоци. Меѓудругото, со овие расходи опфатени се набавка на природен гас за корисниците на ТИРЗ (150 милиони МКД), тековните режиски трошоци за комунални услуги (електрична енергија, водовод и канализација), затоплување, комуникациски услуги (пошта, телефон и други трошоци за комуникација) и транспортни услуги (горива и масла, регистарција на моторни возила, транспорт на стоки и луѓе).

423 – Материјали и ситен инвентар

Предложеите расходи за 2026 за оваа намена се проектирани со незначителни зголемувања и ќе се искористат за набавка на потребни за канцелариски потрошни материјали, претплата на изданијата на ЈП Службен весник на РМ и овозможување на електронски пристап до архивата на ЈП Службен весник за 2026 година, набавка на тонери и резерви делови за хардверската информатичка опрема на Дирекцијата, замена на електричните светилки во ТИРЗ со ново лед осветлување, набавка на униформи за службата за обезбедување во ТИРЗ, набавка на колонијални производи за репрезентација и санитетски производи, како и набавка на ситен инвентар и други материјали.

424 – Поправки и тековно одржување

Расходите предвидени по однос на оваа ставка се наменети за одржување на системот за природен гас во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, обезбедување на ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2,

ТИРЗ Скопје 3, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Прилеп, ТИРЗ Кичево и ТИРЗ Струга и поправки и одржување на возила, згради, мебел, софтверска и хардверска опрема и друга опрема.

425 – Договорни услуги

Во значителен дел овие расходи се наменети за закуп на простор (физички и медиумски) за претставување на политиките и мерките на државата за поттик на инвестиции во Република Северна Македонија. Дополнително, овие расходи ќе се користат и за продолжување на ангажманот на меѓународна ревизорска куќа/-и за следење и верификација на подобните трошоци, што се основа за исплата на обврските за државна помош. Ова како модел овозможува непосредна контрола на нивото на пријавени трошоци, а со тоа и побарувања на корисниците за исплати. Со истото, се воведуваат воедначени правила на игра за корисниците и значително се намалува ризикот од девијации во висината на трошоците што се признаваат како подобни за ко-финансирање од страна на Владата.

426 – Други тековни расходи

Расходите предвидени по однос на оваа ставка се наменети за плаќање на обврската за ДДВ согласно постојната регулатива.

427 – Привремени вработувања

Согласно насоката на Владата на Република Северна Македонија, лицата ангажирани по основ на договор на дело да се ангажираат преку агенција за привремени вработувања, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони спроведе постапка за јавна набавка за избор на Агенција за привремени вработувања. Средствата ќе бидат наменети за навремено исполнување на обврските по однос на овој договор.

ПОТПРОГРАМА ДВ- ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Во рамките на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициски вложувања во изградба на инфраструктурни објекти во и надвор од ТИРЗ во текот на 2026 година. Капиталните расходи би се реализирале целосно во рамките на новата иницијатива ( модел) презентиран од Министерството за финансии.

480- Купување на опрема и машини

Средствата предвидени во оваа ставка се наменети за набавка на информатичка и видео опрема, опрема за греење и климатизација, гасна опрема, мултифункционални машини за одржување на инфраструкура во ТИР Зоните и друга опрема за потребите за оперативно функционирање на ТИР Зоните во Република Северна Македонија.

481 – Градежни објекти

Средствата предвидени во оваа ставка се наменети за изградба на функционални објекти на Дирекцијата, со намена за ефикасно спроведување на надлежностите во просторни рамки на самите технолошко индустриски развојни зони. Корисници на објектите се и други државни институции, чиј капацитет се проширува заедно со растот на обемот на економските активности во зоните (Царинска Управа).

482- Други градежни објекти

Со започнатиот интензивен циклус на вложувања во инфраструктура во зоните во 2025 година генерирани се позитивни ефекти преку раст на број на нови договори сокорисници.

Со новиот пристап во работењето, Дирекцијата вложува во развој на инфраструктура, со цел да се подигне нивото на квалитет на услугите, но и изградената инфраструктура да се користи како аргумент во поттикнување на интерес и одлука за вложување (наспроти „пасивниот" пристап на дефинирање на обврски на државата и нивна реализација напоредно или, најчесто, по завршување на инвестицијата). Вака, се избегнуваат ризиците за доцнења, а со тоа и последиците кон угледот, но и Буџетот, на основа на плаќање пенали за доцнење, со кои веќе се соочува Дирекцијата во тековното работење.

Преглед на планирани и инвестиции во тек доставен во прилог на Образложението, со квартални проекции на потребните средства, а со цел подобро планирање на динамиката за нивно обезбедување од страна на МФ преку Буџетот и евентуалните планирани интервенции на истиот во 2026 година.

485- Вложувања и нефинансиски средства

Со предвидените расходи се обезбедува навремен надомест на обврските по завршени постапки за експропријација на земјиште, а со намена за основање на зони.

ПОТПРОГРАМА Д6- ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА

46 – Субвенции и трансфери

Предвидените расходи за 2026 година се зголемени во однос на 2025 (буџетирани + очекувани расходи по обезбедени дополнителни средства во последен квартал). Истото се должи на значително зголемување на обемот на нови инвестиции во 2026 година, како и засилен интензитет на реализација на планирани инвестиции (согласно веќе склучени договори).

Во предвидениот износ на расходи не се опфатени можни обврски по договори што би се склучиле на почетокот на 2026 година, а кои евентуално би предизвикале обврски во последниот квартал од фискалната година.

| ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ПО ЗОНИ 2026 | |
|---|---|
| Квалитативен и квантитативен Надзор над вршење Градежни работи во ТИРЗ Скопје 2 и 3 | 3,000,000.00 |
| Квалитативен и квантитативен Надзор над вршење Градежни работи во ТИРЗ Штип | 2,000,000.00 |
| Квалитативен и квантитативен Надзор над вршење Градежни работи во ТИРЗ Струмица | 1,000,000.00 |
| Изградба на главна капија за влез во ТИРЗ Штип од клучка на експресен пат | 3,000,000.00 |
| Изградба на канали за зафаќање и одведување на атмосферски води од сливно подрачје на ТИРЗ Штип | 51,200,000.00 |
| Изградба на инфраструктура во ТИРЗ Скопје 3 | 150,000,000.00 |
| Изградба на Улица 5 во ТИРЗ Скопје 2 | 14,000,000.00 |
| Изградба на Улица 11 во ТИРЗ Скопје 2 | 19,000,000.00 |
| Изградба на Улица 12 во ТИРЗ Скопје 2 | 15,000,000.00 |
| Изградба на пречистителна станица во ТИРЗ Скопје 1 | 15,000,000.00 |
| **Вкупно** | **273,200,000.00** |